Дивна ПОПОВСКА-ЛАКИНСКА

# ПРЕДРАСУДИ ЗА МОЖНОСТИТЕ ЗА УЧЕЊЕ ВО СТАРОСТА

Образованието на старите луѓе, пред сè, зависи од неколку фактори; прво, од физичките и психичките можности на старите за образование и нивните мотиви и интереси; второ, од социјалните и економските услови, а пред сè од односот на останатиот дел на популацијата спрема старите и нивното уверување за потребите и можностите за образование на старите.

Општеството, како и поединци, заземале различни ставови спрема старите. Овие ставови ги изложувале филозофи, социолози, литерати, научници од областа на физиологијата и другите природни науки, политичари и други. Меѓутоа, постоело големо несогласување на овие ставови и тоа, од голем оптимизам и уважување на старите, повеќе од кој и да било други сегменти на општеството, па сè до краен песимизам, кога за староста се говорело како за тежок товар, како за старите така и за луѓето со кои живеат, и за целата заедница.

Меѓу првите кои ја опишале староста како најубав период од животот, бил римскиот филозоф Цицерон (106-46), кој во дијалогот „Канон на староста или за староста", убаво го опишал овој период, така што Монтењ (1533-1592) изјавил дека, кога младите ќе ја прочитаат неговата апологија на староста ќе посакаат што побргу да остарат.

Длабоко уважување на старите и истакнување на нивните позитивни особини наоѓаме во античка Грција, во Атина и Спарта. Во овие држави старите имале посебна, привилегирана положба, биле многу почитувани и ценети, па затоа биле и политички и општествени раководители. Слично било и во Римското Царство. Мнозинството во Сенатот биле стари луѓе. Во тоа време, многу позитивен став спрема старите, исто така, изразувале и филозофите - стоици кои староста ја сметале за прекрасен период и ја ценеле повеќе од периодот на младоста.

Грмек (1964, с. 97) наведува сличен однос спрема старите и кај источните народи, како, на пример, во Кина. Познати се ставовите на Конфучие и Лао Це за старите за кои отсекогаш говореле сè најдобро. Таков однос наоѓаме и кај Индијанците во Северна Америка.

Како доказ за способностите на старите се наведуваат примери на познатите филозофи, научници, литерати, музичари, сликари, политичари и луѓе од други професии, кои врвот во своето творештво го

достигнале во периодот на староста. Меѓу филозофите кои твореле во длабока старост се наведуваат Хипократ, Платон, Сократ, Кант, Шопенхауер и други. Длабока старост доживеале и биле активни до крајот на животот Коперник, Њутн, Тесла и други научници. Од литератите се наведуваат грчкиот поет Софокле, римскиот поет Сенека, Толстој, Гете, Волтер од музичарите Верди, а кај нас познати личности се Штросмајер, Грегорич кој во 97 година настрадал во сообраќајна несреќа, враќајќи се од состанок. За овие личности, за нивното творештво, наоѓаме податоци кај познатиот книжевник А.Г. Матош, во неговата студија објавена во 1904 година под наслов „Старост“.

За разлика од вака оптимистичките гледишта и докази за староста и способностите на старите, на другата страна се среќаваме со песимистички и тоа понекогаш многу песимистички мислења, и тоа уште од најстарите времиња. Се наведуваат оние многубројни потешкотии во животот на старите, различните болести кои во овој период се сè почести и потешки, големиот товар кој го носат со себе и големите проблеми кои му ги носат на семејството и целото општество. Грмек (стр. 98) ги наведува стиховите на Бергли, Хорациј, и други литерати. Тогаш се појавила изреката: „Кого боговите го сакаат, тој умира млад“, што значи дека нема да ги дочека оние маки кои се појавуваат во староста. Исто така, тој наведува дека лекарот Кардано пишувал дека треба да се жали човекот кој влегува во период на старост, и дека американскиот лекар **Ослер** предлагал дека старите луѓе треба да се полијат со хлороформ и да се усмртат, затоа што во староста тие си стануваат сами себеси неподносливи и го отежнуваат културниот и политичкиот живот на општеството. Ваквиот груб и потполно нехуман однос спрема старите бил раширен во минатото кај скандинавските народи, кај ескимите, кај некои африкански племиња, Полинезијците, а како што истакнуваат некои автори дури и кај некои словенски народи во дамнешното минато. Ваквиот однос често се оправдувал со економски причини и со желбата да се прекратат маките на старите.

Со време се менувале овие екстремни сфаќања за старите, кои оделе од краен оптимизам и величање на староста и способностите на старите, до краен песимизам, кога се сметало дека старите се сосема неспособни и дека претставуваат општествен товар. Ваквото преценување, а уште повеќе потценување на старите, било нереално, и поради тоа сè повеќе се истакнувала потребата за реален, правилен однос спрема старите. Меѓутоа, овој процес не одел брзо. Сфаќањата за малите вредности на старите, омаловажувањето и изолирањето од оп-

штествениот живот, се задржало уште долго. Можеме да кажеме дека и денес сѐ уште секаде не постојат правилни погледи за старите.

Значителни промени во односот спрема старите се појавуваат во текот на втората половина на минатиот век. Тогаш се јавуваат барања за хуман однос спрема старите, а особено за нивна социјална и здравствена заштита. Се појавуваат и доста активни друштва и организации, па и установи кои се занимаваат, пред сѐ со заштита на старите, но и со други проблеми кои се сврзани со овој период од животот. Такви активности наоѓаме во сите развиени европски земји и во Соединетите Американски Држави.

Посебно значење за ваквите појави има развојот на хуманитарните и медицинските науки, најмногу оние кое почнале да се занимаваат со проблемите на старите луѓе. Општествениот развој, како и развојот на науките, не само што ја зајакнале грижата за старите туку можеле и да ги воочат многубројните потреби и можности на старите луѓе. Кога ќе се поведе сметка за нивните потреби и кога нивните можности правилно ќе се усмерат и искористат, тогаш старите веќе нема да бидат ни сопствен терет, ни терет на општеството, туку со своите активности ќе бидат обострано корисни, односно корисни за себе и за општеството.

Задоволувањето на многуте потреби на старите е поврзано со потребата за образование. Но, овие потреби можат да бидат задоволени, пред сѐ, ако навистина постојат и можности за образование. За можностите на старите воопшто, па и за можностите за образование, сѐ уште постојат извесни застарени сфаќања, митови и стереотипии. На потполната неоснованост на овие митови укажал Бутлер (1973, с. 11). Тој го побил митот за непродуктивноста на луѓето над 65 годишна возраст, изнесувајќи докази дека од семеен и општествен аспект, старите се на свој начин продуктивни, дури во некои случаи и попродуктивни од младите луѓе. Го побил и митот за неодговорноста на старите, со доказите дека тие во најголем број се доста одговорни спрема работата и обврските кои ги преземаат. Тој ја докажал и неодржливоста на митот за недоволна флексибилноста, односно за изразената ригидност на старите луѓе, како и митот за сенилноста и заборавеноста на старите, и митот за рамнодушноста, докажувајќи дека тоа е производ на погрешна перцепција.

Овие стереотипии и митови настануваат поради недостаток на знаење за старите и поради недоволниот контакт со широкиот варитет на стари луѓе, истакнува **Бутлер** (1973, с. 11). Покрај тоа, постои и друг особено силен фактор кој влијае на односите спрема старите, а

тоа е одамна вкоренетата предрасуда, која ја нарекол еицизам (**егизм**). Овој збор прв пат го употребил во 1968 година. Тој вели дека еицизмот може да се сфати како процес на систематска стереотипија и дискриминација на луѓето затоа што се стари, токму како што се расизмот или сексизмот поврзани со бојата на кожата или родот (на пример машки род, женски род). Старите луѓе се категоризираат како сенилни, ригидни во мислењето и манирите, старомодни во моралното однесување и искуството. Еицизмот влијае на младата генерација старите луѓе да ги гледаат како различни од себе, така што тие не се идентификуваат со старите како со човечки суштества.

**Џонфорт (1984)** изнесува слично објаснување на еицизмот. Според него тоа е поим според кој луѓето престануваат да бидат луѓе, престануваат да бидат исти луѓе, или постануваат различни луѓе, инфериорни, кои преку сила можат да живеат уште определен број години. Една група стари потпаѓа под влијание на ваквите сваќања, додека другата група, особено образованите, се спротиставува на ваквите сфаќања, наведувајќи ги покрај останатото резултатите од повеќе анкети меѓу старите за нивното чувство за староста. Така **Росоњ** (1986, с. 13) наведува дека во анкетата која тој ја спровел, 5/6 од испитаниците изјавиле дека не се чувствуваат стари и дека само помладите генерации нив така ги перципираат.

Дека многумина, дури и во поодминати години, сè уште се способни, покажуваат примерите на големите луѓе кои ги наведовме.

Еицизмот дошол до потполн израз особено по прашањето за образование на старите. Долго се сметало, а таквите сфаќања се мошне раширени и денес, дека образованието е привилегија само на младите луѓе. За старите се сметало, а и многумина денес така мислат, дека образование не им е потребно, зошто животот и така им е при крај, па од образованието не би имале корист ни тие ни општеството. Дури и кога би постоела таква потреба, и кога би можела да биде оправдана, се сметало, а многумина и денес сметаат, дека такви можности не постојат. Во врска со ова **Петерсон (1982)** истакнува дека многу луѓе продолжуваат да веруваат дека психолошкиот развој се завршува во раната зрелост, дека кога луѓето ќе ја преминат оваа граница, повеќе не се способни да го менуваат своето однесување или да учат нов материјал.

До слични констатации доаѓаат и други истражувачи. **Јомес (1995)** вели дека е традиционален и прифатен погледот во поголемиот дел на западниот свет, дека образованието е првенствено за млади, подготвувајќи ги за живот и работа. Создавањето услови за образова-

ние на старите и за помош на старите во тоа, се смета за помалку значајно и некорисно.

Во врска со ова често се наведува изреката „стариот пес не можеш да го научиш на нови трикови". Такви сфаќања се вкоренети и кај нашиот народ. Обично се вели „дрвото се витка додека е младо", „учи млад, а не стар" и друго. Сите овие изреки тежнеат да објаснат, дека е илузорно подоцна да се учи, затоа што учењето во подоцнежните години не е само отежнато, туку скоро и неможно.

Ова и многу други слични сфаќања за неможностите за образование на старите, тежнеат да докажат како старите луѓе не би можеле да се образуваат, покрај останатото и поради тоа што кај нив значително е опадната способноста за учење, затоа што дошло до опаѓање на интелигенцијата која, како што тие често неоправдано тврдат, со годините почнува сè повеќе да опаѓа, а интелигенцијата е општа способност за учење, па според тоа, без неа постои неможност нешто ново да се научи. Исто така се смета дека старите луѓе се сенилни, односно дека многу тешко паметат, тешко сфаќаат, брзо го заборавааат она што го научиле и дека ова доведува до тоа учењето кај старите луѓе да стане неможно. Не ретко се укажува и на опаѓањето на сензорните способности, особено слухот и видот кои се исто така особено потребни за учење. Неможноста за учење кај старите луѓе се доведува во врска и со опаѓањето на интересирањата да научат нешто ново, со слабата мотивација за учење, со отежнатата концентрација на вниманието. Значи, на старите се сака да им се припишат сите оние атрибути кои го попречуваат учењето, па поради тоа не постои можност за учење.

Сепак, сите овие тврдења се произволни и засновани на традиционални сфаќања за особините на старите, на погрешни перцепции и на индивидуални случаи. Тие можат да важат само за еден и тоа помал дел од популацијата на стари. Науката со многубројни истражувања ги демантираше ваквите сфаќања и укажа на нивната штетност не само за старите луѓе, туку и за целото општество. Поради тоа, овие митови за старите па и митовите за тоа дека образованието ним не им е потребно и дека не е можно, треба што поскоро да бидат отстранети и наместо нив да се заземе реален став кој би бил во интерес на старите како и во општествен интерес. **Mc Clusky** (1986), предлага надминување на скептицизмот кој се заснова на неправилно размислување за тоа зошто е потребно да се инвестира толку време и енергија во учењето, кога останувaат само уште неколку години живот.

Ние мораме да имаме поголема доверба во старите дека можат успешно да учат и со тоа да негуваме повеќе оптимизам спрема способностите на старите за учење. Во многу земји, на овој пат се отишло доста далеку. Созреало сознанието дека е неправилно образованието да се ограничува само на младата генерација и дека треба да претставува подготовка за живот, како и дека поради тоа е потребно да се ограничи само на овој период, и тоа токму со такви задачи. Во текот на животот кај луѓето настануваат определени промени, а таквите промени ги носи со себе целиот развој на општеството. Поради тоа луѓето сè повеќе се упатени кон прилагодување на новите услови на живот, односно новите промени кои настануваат кај нив самите и промените кои настануваат во нивната околина. Во овој процес на приспособување, некои потреби губат од своето значење, но затоа се јавуваат нови потреби од чие задоволување зависи успехот на поединците, а со тоа и успехот на општеството. Таквите нови потреби се јавуваат подоцна, во периодот на зрелост или средниот период, како и уште подоцна во периодот на старост. Образованието е средство со помош на кое е можно да им се помогне на луѓето во текот на сите периоди поуспешно да ги задоволуваат своите потреби. Поради тоа, тоа не им е потребно само на младите, како што долго се мислело, па и сега мнозина се уште мислат, туку исто така им е потребно и на луѓето во останатите периоди од животот, па и во периодот на старост.

Сфаќањата за потребите од образование на старите мошне тешко продирале во свеста на луѓето и тешко масовно се прифаќале. Голем чекор напред во тој поглед е направен пред сè на познатата Конференција за стареењето, која била одржана во Белата куќа во Вашингтон 1971 година во присуство на делегати од цела Америка. На Конференцијата била усвоена Декларација според која „Образованието е основно право на сите возрасни групи“. Тоа е континуирано и во иднина ќе е еден од патиштата што ќе им овозможува на старите луѓе да постигнуваат потполн, значаен живот. Тоа е исто така и средство кое ќе им помогне да ги развиваат своите потенцијали како ресурс за унапредување на општеството. Според тоа, понатаму во Декларацијата се истакнува „дека основна задача на образованието е образование во текот на целиот живот, за сите лица, од сите возрасти и дека образованието за старост треба да се смета за важна компонента од доживотното образование“. Ваквите погледи потполно се спротиставуваат на пораните погледи дека стареењето е, пред сè процес на слабеење, пропаѓање на човековите сили и способности, дека стареењето е животен процес и дека поради тоа не можат да се определат границите

кога тоа навистина започнува. Тие потполно ги отфрлуваат застарените сфаќања дека одредени проблеми се јавуваат само на една возраст и дека нив ги нема на другите возрасти.

Образованието се стекнува со помош на учење. **Clusby (1980)** тоа го сфаќа како промена во однесувањето која настанува врз основа на искуството. Тој смета дека учењето води кон нешто подобро во животот на оној кој учи. Истовремено, тој смета дека сите луѓе се способни да учат и тоа не само младите, туку и лицата во средни и доцни години се способни да одговорат на едукативните стимулации.

Ваквите сфаќања, како што ќе се види подоцна за масовните иницијативи за образование на старите, особено во западниот свет стануваат сѐ поизразени и привлекуваат голем дел следбеници. Ако се спореди сегашната состојба на образование на старите луѓе, со онаа од само неколку децении или години порано, тогаш навистина е направен голем прогрес во сузбивање на предрасудите кои со векови доминирале во свеста на луѓето и се отворени нови, светли перспективи. Сепак, и покрај видниот успех на ова поле, во овие земји сѐ уште е мал процентот на стари луѓе кои се опфатени со образование, а исто така сѐ уште е голем процентот на луѓе кои со недоверба гледаат на доживотното образование, а со тоа и на образованието на стари. Доволен интерес за образование на оваа категорија од човековата популација не покажуваат ни старите, а исто така не е задоволувачки ниту интересот на државните органи и општествени организации, без чија помош не е можно да се организира образование на млади,.а уште потешко образование на стари луѓе.

## ЛИТЕРАТРУРА


1. Баљосевиќ - Милиќ, *Дружење во староста*, Скопје, 1982
2. Drca, Janko, *Starost i starenje - izazov i problem psihologije*, Novi Sad, 1993
3. Smolić - Krković, *Gerantologija*, Zagreb, 1984

## SUMMARY

Divna POPOVSKA-LAKINSKA

**THE PREJUDICES FOR LEARNING POSSIBILITIES OF THE ELDERS**

The society as well as individuals took different attitude toward the elderly population. These attitudes are especially exposed by philosophers, sociologist, literals, and scientists.

The education of elders depends of some factors: at first of the physical and psychological abilities for education of elders, their motives and interests; second, from the social and economic conditions, and first of all from the relations of the population toward the elders and their regarding for the needs and abilities for education of elders.